Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0403-23/5
15.3 2018 год.
СКОПЈЕ

Институт за човекови права

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017

Скопје, јануари 2018

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 3

СТРАТЕШКИ НАСОКИ 4

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ 5

СУМАРЕН ПРИКАЗ..... 12

ИЗВЕШТАИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ФИНАНСИСКОТО

РАБОТЕЊЕ НА ИЧП..... 15

ВОВЕД

Институтот за човекови права е основан на 1.6.2009 година. Со оглед на Институционалната поддршка од Програмата на Цивика Мобилитас, ИЧП во текот на 2016 година одржа работилници за стратешко планирање при што ја надгради својата визија, мисија и ја истакна својата уникатност, така што од декември 2016 година:

МИСИЈАТА на Институтот за човекови права е обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи преку истражување, анализа, едукација и други начини на дејствување.

Нашата **ВИЗИЈА** е дека Институтот за човекови права е кредибилен и препознатлив чинител во дејствување во насока на целосно обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи.

УНИКАТНОСТА на Институтот за човекови права е тоа што тој претставува симбиоза на знаење и искуство во областа на човековите права и слободи и ентузијазам во спроведување на визијата и мисијата.

Визијата, мисијата и уникатноста се објавени на веб страната на ИЧП, а исто така објавени се и вредностите во работењето од кои се води и тоа: еднаквост, толерантност, транспарентност и отчетност, инклузивност, професионалност, демократски дијалог и управување.

СТРАТЕШКИ НАСОКИ

Институтот за човекови права спроведените активности во 2017 година ги реализираше водејќи се од новите стратешки приоритети и цели на ИЧП за 2016-2020 кои се исто така објавени на веб страницата на ИЧП, а тоа се:

1. Правосудство и човекови права
   - Зајакнување на довербата во правосудството
2. Правна сигурност
   - Зајакнување на правната сигурност
3. Намалување на повредите на човековите права и слободи од Европската конвенција за човекови права
   - Унапредување на заштитата на човековите права и слободи од Европската конвенција за човекови права
4. Слобода на изразување и здружување
   - Унапредување на слободата на изразување и здружување
5. Еднаквост и недискриминација
   - Еднаков третман за граѓаните на РМ - унапредување на еднаквоста, спречување и заштита од дискриминација
6. Уставниот суд гарант за заштитата на човековите права
   - Зајакната заштита на човековите права пред Уставниот суд на РМ
7. Борба против корупција
   - Придонес кон намалување на корупцијата во јавниот сектор
8. Право на здрава животна средина
   - Унапредување на правото на здрава животна средина
9. Институционален и организациски развој на Институтот за човекови права
   - Зајакнување на капацитетите, инвестиција и развој на човечкиот потенцијал на Институтот за човекови права

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Институтот за човекови права (ИЧП) во текот на 2016 година реализираше многубројни и разновидни проектни активности кои што заради поголема прегледност и разбирливост би можеле да ги поделиме во два вида:

1) проектни активности; и

2) истражувачки активности

1. Проектни активности:

Проектните активности кои што ИЧП ги спроведе во текот на 2017 година можеме да ги поделиме во четири подвида и тоа:

- проектни активности во рамките на проекти што започнаа да се спроведуваат во 2016 година, а продолжија со проектни активности и во текот на 2017 година;

- проектни активности во рамките на проекти што се спроведуваа само во 2017 година; и

- проектни активности во рамките на проекти кои што започнаа да се спроведуваат од 2017 година, а кои што имаат предвидено активности и за 2018 година.

1.1. Проектни активности во рамките на проекти што започнаа да се спроведуваат во 2016 година, а продолжија со проектни активности и во текот на 2017 година:

А) *„Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“* (1.1.2016 – 31.12.2017) (http://ihr.org.mk/project.php?pid=88)
Проектот е финансиран од Делегацијата на ЕУ во Македонија во рамките на програмата *IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014*, а ко-финансиран од Британската Амбасада во Скопје и е спроведуван од страна на Институтот за човекови права (ИЧП) како партнер и Центарот за управување со промени (ЦУП) како носител на проектот.
Општата цел на овој проект е да ги зајакне медиумите и граѓанските организации и да овозможи амбиент за остварување на слободата на изразување и медиумски интегритет како клучен елемент за понатамошна поддршка на Р.М. во процесот на пристапување во Европска Унија (ЕУ). **Специфични цели на проектот се:**
1) да се подобрат условите за квалитетно и достојно за доверба истражувачко новинарство кое ќе биде на располагање на граѓаните во областа на човековите права и судството (Поглавје 23 и 24 од правото на ЕУ);
2) Да се зголемат капацитетите на граѓанските организации кои работат во областа на слободата на изразување и медиумите, подобрување на нивното влијание врз процесот на креирање политики во однос на слободата на медиумите и да се подобри нивната соработка преку воспоставување на платформа за дијалог;

3) Да се придонесе кон овозможување на правна, регулативна и политичка клима за остварување на слободата на изразување и медиумскиот интегритет.

Во текот на 2017 година ИЧП ги спроведе следните активности во рамките на овој проект:

- изработи анализа „Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и практика";
- активно учествуваше во изработка на публикацијата „Граѓаните и новинарите за професионалноста во медиумите";
- организираше втора обука за „Професионални стандарди и интегритет во новинарството" со странски експерт од регионот наменета за новинари кои активно се занимаваат со новинарстовото и имаат афинитети за истражувачкото новинарство;
- активно учествуваше во реализирањето на 3 обуки за зајакнување на капацитетите на осумте регрантисти за менаџирање на проекти и поставување стратешки цели на заедничката соработка;
- активно учествуваше во целосното спроведување на регрантираните помали прокетни акции на 8 организации во рамките на овој проект, како и во промоцијата на нивните продукти;
- активно учествуваше во воспоставувањето и промовирањето на Платформата за соработка и дијалог на граѓанските организации и медиумите „Истражи факти";
- организираше обука за истражувачко новинарство и правото на слобода на изразување со цел зголемување на капацитетите на студентите по новинарство и младите новинари;
-активно учествуваше во изработката на видеа за промоција на резултатите од проектните акции;
- беше активен учесник во завршната конференција на која беа презентирани **продуктите од овој проект и тоа:**

*обучени над 150 студенти по новинарство на универзитетите во Скопје, Тетово и Штип;
*над 20 студенти обучени специфично за истражувачко новинарство;
*вработени 4 студенти;
*на пракса во медиумите соработници 7 студенти;
*наградени 3 студентски истражувачки стории;
*над 50 млади новинари учеа од најдобрите истражувачки новинари во регионот;
*поддржани 8 прокетни акции за истражувачко новинарство во областа на човековите права и правосудството;
*изработени 48 истражувачки стории и спроведени 11 интервјуа;
*изработени 8 видеа;
*изготвени 4 публикации;
*етаблирана Платформа за соработка и дијалог на граѓанските организации и медиумите „Истражи факти" (http://istrazifakti.org.mk/).

Б) ***„Зголемен јавен надзор над работењето на Судскиот совет на Република Македонија"*** (1.9.2016-31.3.2018) (http://ihr.org.mk/project.php?pid=104)

Овој проект е финансиран од Британската Амбасада во Скопје и **има за цел** да ја запознае пошироката јавност со работата на Судскиот совет на РМ и да ја зголеми транспатентноста,

отчетноста и ефективноста на Судскиот совет на Р.М. врз основа на аргументи преку информирање на јавноста.

Во текот на 2017 година ИЧП ги спроведе следните активности во рамките на овој проект:

- со свој претставник присуствуваше на сите седници на Судскиот совет и на Советот за утврдување на факти кои беа отворени за јавноста;
- изготви Прв мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот за утврдување на факти за период од ноември 2016 до јануари 2017 година;
- организираше презентација и јавна дебата по однос на наодите од извештајот заедно со експертите од ИЧП и донаторот;
- изготви кратко анимирано видео за работењето на Судскиот совет и Советот за утврдување на факти;
- изготви Втор мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот за утврдување на факти за период од февруари-април 2017 година;
- организираше јавна дебата со експерт од Р.Хрвтаска – поранешен претседател на тамошниот Судски совет, како и преставници од двата органи кои се набљудуваат;
- изготви Трет мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот за утврдување на факти за период од мај-јули 2017 година;
- организираше јавна дебата со експерт од Р.Словенија – поранешен претседател на тамошниот Судски совет и со правни практичари – судија и адвокат;
- изготви кратко анимирано видео во кое на лесно достапен начин ги прикажа наодите од вториот и третиот периодичен мониторинг извештај;
- изготви Четврт мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот за утврдување на факти за период од август-ноември 2017 година;
- организираше јавна дебата со тројца новинари кои ги следат состојбите во судството со фокус на работата на Судскиот совет на РМ и неговата суштинска транспарентност и воедно го презентираше четвртиот мониторинг извештај;

Кон крајот на 2017 година ИЧП започна со подготвување на финалната анализа во рамките на овој проект која ќе биде завршена и јавно презентирана кон крајот на март 2018 година кога ќе биде изработено и видео презентирајќи ги клучните заклучоци и препораки.

В) *„Институционален грант“* (1.4.2016-31.3.2018) (http://ihr.org.mk/project.php?pid=108)
Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за организациско јакнење на граѓанските организации, а особено за подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа.

Во рамките на Институционалниот грант ИЧП во 2017 година ги спроведе успешно следните активности:

- со по една објава на квартално ниво, ИЧП објави вкупно 4 нови изданија на електронското стручно списание „Правен дијалог“ (броеви 13,14,15 и 16) со вкупно 31 статија на актуелни правни теми од различни автори кои теми се особено поврзани со заштитата на човековите права (http://ihr.org.mk/praven.php);
- изготви Втор мониторинг бриф за извршувањето на одлуките на ЕСЧП од Р.М за период јули-декември 2016 година;

- изработи дополнителен промотивен материјал и истиот го дисеминираше до конститутентите (пред сè до членовите, соработниците и учесниците на јавните настани);
- изработи Годишен мониторинг бриф за извршувањето на одлуките на ЕСЧП од Р.М за 2016 година;
- изготви две тематски анализи за влијанието на законската рамка и јавните политики врз почитувањето на човековите права;
- ангажираше надворешен консултант кој одржа дводневна работилница на членовите на извршната канцеларија за подготовока на предлог проекти за повици од меѓународни донатори со фокус на ЕУ;
- изготви Трет мониторинг бриф за извршувањето на одлуките на ЕСЧП од Р.М за период јануари-јуни 2017 година;
- активно учествуваше во дводневниот форум на граѓански организации и како дел од Блупринт групата во областа на правосудството е еден од авторите на Предлогот на граѓанските организации за итни реформи – Blueprint 2 (делот правосудство);
- одржа еден team building;
- зема активно учество на Третиот национален форум на граѓански организации така што ги презентираше своите публикации на штанд на ИЧП, а воедно организираше едночасовна работилницаа за детски права со најмалите членови;
- одржа 3 презентации на студентите за дејствувањето на ИЧП на државните и приватните правни факултети во РМ;
- во рамките годишното вмрежување на грантистите на Цивика Мобилитас изготви истражување на граѓанските организации во РМ во однос на познавањето и примената на Пристапот заснован на човекови права (HRBA-Human Rights Based Approach) во нивната работа, како и за кави видови обуки од областа на човековите права ним им се најпотребни со секојдневното дејствување (заедно со МЗМП, Коалицијата сите за правично судење и Хелсиншкиот комитет на РМ). Истражувањето беше презентирано на самиот настан за вмрежување;
- оствари студиска посета на релевантни граѓански организации, мрежи и институции во странство - Студиска посета на Стразбург, Франција со посета пред сè на Советот на Европа и на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП);
- објави јавен Конкурс за фотографија преку Фејбук на тема „Човековите права преку слика“ при што направи изложба на 33 фотографии и беа избрани 3 најдобри од нив;
- го одбележа Меѓународниот ден на човековите права - 10 декември преку одржување на Форум за човекови права посветен на човековите права и слободи на маргинализираните групи на кој учество земаа вкупно 5 панелисти;
- во неколку општини и региони изрази јасна поддршка и активно учествуваше во преземањето на 6 иницијативи кои се однесуваа на решавање на прашања од локално значење за граѓаните (во Шуто Оризари, Белче, Теарце, Охрид, Струга, Тетово, како и Валандово и Струмица со околните општини), а 1 иницијатива беше директно иницирана од страна на ИЧП и поднесена до Општина Штип;
- изработи видео „Илустрирани човекови права“ кое има за цел промоција на човековите права и подигнување на јавната свест за нивно унапредување;
- одржа еднодневна работилница за работни односи во граѓанските организации на 23 организации грантисти на Цивика Мобилитас (заедно со МЗМП и Коалиција сите за правично судење);

- одржа 4 седници на Управен одбор и Советодавен одбор и го организираше и го одржа Годишното собрание кое што беше проследено со прослава на 8 годишнината од основањето на ИЧП;
- земаше активно учество на 4 средби организарани од страна на Канцеларијата на ООН во РМ и во изготвувањето на препораки за користење и подобрување на механизмите на ОН за човековите права;
- зема сè поактивно учество во голем број емисии, дебати, информативни програми и други медиумски простори, не само преку претседателот на ИЧП (како во претходните години), туку и преку членовите на Управниот одбор, како и преку Извршниот директор и членовите на стручната служба во извршната канцеларија;
- присуствуваше на сите консултативни средби на покана на државните органи и тоа во процесот на подготовка на: Нацрт-Стратегијата за реформа во правосудниот сектор, Стратегијата за реформи во јавната администрација, неколку закони од областа на правосудството, Одуката за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, Предлог-Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за амнестија, Предлог-Законот за следење на комуникациите и сл.);
- ИЧП прими нови 4 членови и парвеше интервјуа на заинтересирани кандидати за практикантсво и/или работа;
- спроведе надворешна независна ревизија на работењето на ИЧП од страна на овластен ревизор.

Г) *„Измени за правен систем без дискриминација“* (1.5.2016-1.3.2018)

Двајца членови на ИЧП ја спроведуваат законодавната иницијатива „Измени за правен систем БЕЗ дискриминација“ во рамки на проектот „Граѓаните во Собранието“ имплементиран од страна на Вестминстер Фондација и Високата Школа на новинарство. Откако беше спроведено истражување, беше изготвен и објавен документ за јавни политики со речник поблизок за општата јавност, **во текот на 2017 година беа спроведени активности за лобирање и застапување со цел за законски измени и тоа**:

- присуство на дводневна работилница за лобирање и застапување;
- изработка на илустративно видео со препораки за неопходноста од измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- јавно презентирање на видеото на повеќе настани (медиуми и сл.), дисеминирање на истото електронски;
- состаноци со пратеници и непосредно презентирање на документот за јавна политика;
- учество на Студиска посета во Парламентот на Шкотска;
- учество на јавна дебата во Собранието на РМ организирана по повод Меѓународниот ден на човековите права 10-ти декември;
- учество на консултатитвните средби во рамки на работната група при Министерството за труд и социјална политика за изготвување на предлог-измените, како и на средбите за коментарот на сега важечкиот закон заедно со експерти, судии и други практичари, како и учество на јавните дебати со сите засегнати страни.

1.2. Проектни активности во рамките на проекти кои што се спроведуваат само во 2017 година

А) *„Правна подготвеност за инспекции во граѓанските организации“* (2.4.2017-2.8.2017) (http://ihr.org.mk/project.php?pid=235)

Овој ад хок проект се спроведе од Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Институтот за човекови права (ИЧП) и Коалицијата сите за правично судење **со цел** да се спречат негативните ефекти од инспекциите (на кои беа подложни 21 организација) и да се зајакне довербата меѓу самите граѓански организации за нивното правилно работење како основа за остварување на правото на здружување и изразување и да се зајакне граѓанското општество како институција/сектор на подолг рок.

Во рамктите на овој проект ИЧП заедно со соработниците ги спроведоа следните проектни активности:

- беа организирани две фокус групи со претставници на засегнатите граѓански организации со цел утврдување на предизвиците од правна природа со кои се соочија организациите за време на траењето на инспекциите и контролите од државните институции;
- се спроведе правна анализа на законодавството во РМ кое се однесува на обврските на граѓанските организации;
- беше обезбедена правна поддршка на граѓанските организации кои се соочуваат со инспекции и контроли преку изработка на три водичи и директна правна помош од страна на адвокати;
- беше изготвен документ за јавна политика кој ги идентификуваше нејасните и непрецизните законски одредби кои ја загрозуваат правната сигурност на граѓанските организации и истиот содржи препораки за нивно подобрување;
- беше организирана тркалезна маса на која беше промовиран документот за јавна политика, а се одржа и состанок со Управата за јавни приходи пред објавувањето на предлог измените на Законот за персоналниот данок на доход.

1.3. Проектни активности во рамките на проекти кои што започнаа да се спроведуваат од 2017 година, а кои што имаат предвидено активности и за 2018 година:

А) *„Заедничка акција за итни реформи во судството“* (1.7.2017-30.6.2018) (http://ihr.org.mk/project.php?pid=236)

Оваа прокетна акција ИЧП ја спроведува заедно со МЗМП и ЕПИ и **општа цел** на истата е зајакнување на транспарентноста, отчетноста и професионалноста на органите на правосудството. Краткорочни **(специфични) цели пак се**: (1) зајакнување на структурниот мониторинг над реализацијата на Итните Реформски Приоритети (ИРП) во правосудството; и (2) унапредување на јавната дебата за имплементирање на ИРП во правосудството преку граѓанско застапување.

Во текот на 2017 година ИЧП во соработка со партнерските организации ги спроведе следните активности:

- беше изработена методологија со мониторинг матрица;
- се изготви комуникациски план;

- се изработи план за застапување;
- беа организирани средби со дел од правосудните институции и засегнатите страни;
- се изготви Прв мониторинг извештај „Од Прибе 1 до Прибе 2 и потоа" кој содржеше основа (baseline) за периодот јули 2015-јуни 2017, како и квартално известување за периодото јули-септември 2017 година;
- при презентацијата на мониторинг извештајот и јавното промовирање на наодите во истиот беше организирана отворена дискусија со претставници на сите органи кои се предмет на набљудување и другите засегнати страни од која беа изведени заклучоци и препораки;
- беа изработени инфографици со кои беа визуелизирани наодите заради подостапно презентирање до поширокатa јавност.

Во текот на 2018 година ќе бидат објавени уште два квартални мониторинг брифа, а ќе биде изработена и финална анализа како главни активности, покрај останатите „придружни" активности.

1. Истражувачки активности:

А) ***Истражување за состојбата на учениците Роми во основното образование во РМ*** (1.6.2016-30.10.2017 +...) (http://ihr.org.mk/publikacii.php)

Институтот за човекови права уште во текот на 2016 година спроведе истражување за состојбата на учениците Роми во основното образование во пет општини на територија на државата и тоа општините Битола, Куманово, Штип и две општини на територија на градот Скопје – општините Ѓорче Петров и Гази Баба. Истражувањето е поддржано до Европскиот Центар за правата на Ромите (ЕРРЦ). Целта на ова истражување беше да ја анализира состојбата на учениците Роми првично во овие пет општини и да утврди дали постои сегрегација на ромските ученици во основните училишта преку бројот на ученици Роми во едно училиште, составот на паралелките во училишта каде се распоредуваат учениците Роми, дали при уписите во прво одделение се почитува одлуката за реонизација и слично. Од истражувањето произлезе дека сегрегација постои во Општините Битола и Штип.

Во 2017 година ИЧП ги спроведе следните активности:

- го објави финалното истражување „Сегрегација на ученици Роми во основното образование на РМ" на македонски и англиски јазик;
- преку полномошник адвокат од ромската етничка заедница поднесе тужба за утврдување на дискриминација и сегрегација во основно училиште во Општина Битола;
- преку полномошник адвокат од ромската етничка заедница поднесе тужба за утврдување на дискриминација и сегрегација во основно училиште во Општина Штип.

Во текот на 2018 година ИЧП ќе спроведува активности со цел побрзо завршување на судските постапки со позитивен исход за подносителот на тужбата.

Б) ***„Истражување „Проблемите со кои се соочуваат учениците Роми при нивната реинтеграција во образовниот процес, по нивното враќање од западно-европските земји“*** (1.4.2017-31.12.2017)
Ова истражување е посветено на проблемот со реинтеграцијата на учениците Роми во образовниот систем по нивното враќање од некоја од западно-европските земји (најчесто тоа се Германија, Франција, Белгија, Холандија и Шведска). Истражувањето **има за цел** да ги опфати сите проблеми и препреки со кои што се соочуваат децата Роми и нивните родители при реинтеграција на нивните деца во основното образование. На почетокот од 2018 година ова истражување ќе биде лекторирано, преведено и објавено на македонски, ромски и англиски јазик.

СУМАРЕН ПРИКАЗ

Сите погоре наведени проектни активности, како и продуктите добиени од нив (публикации, видеа, обуки и сл.) се транспарентно објавени на веб страната на ИЧП. Исто така транспарентно се објавени и буџетите на сите реализирани проекти од страна на ИЧП.

Дополнително, за успешноста во работењето на ИЧП во текот на 2017 година говорат и следните статистички податоци:

- ИЧП самостојно или заедно со други организации поднесе вкупно 20 предлог-проекти на отворени повици (и дополнително во втора фаза на целосна апликација се пишувани 5 целосни предлог проекти) при што:
*5 проекти се прифатени од донаторите;
*1 е прифатен во прва фаза и треба да се подготви целосна апликација;
*за 2 поднесени проекти се чека одговор од страна на донаторите;
*3 проекти беа прифатени во прва фаза (концепт), но одбиени во фазата на целосна апликација;
* 9 предлог проекти не беа прифатени од страна на донаторите;

- главно членовите на стручната служба на ИЧП присуствувале (а во одреден дел и членовите на Управниот одобор) **на преку 120 јавни настани** од кои **29 биле во организација или коорганизација на ИЧП, како и на преку 70 состаноци** неопходни за реализирање на тековните активности и дополнително сите активности на ИЧП имаат значително зголемен број на јавни објави (во сите видови медиуми);

- покрај на претходно наведените настани и состаноци, ИЧП со најмалку еден претставник присуствуваше на сите јавни седници на органите чие работење го набљудува (преку 30 седници на органите и тоа пред сè на Судскиот совет, а и на Советот на утврдување на факти, Советот на јавни обвинители и сл.).

ДОПОЛНИТЕЛНА СТАТИСТИКА:

Во однос на посетеноста на веб страницата на ИЧП, се водеше детална статистика на посети, кликови на самата веб страна и сл. за цела 2017 година. **Деталните табели со годишни податоци за периодот 1.2.2017-31.1.2018 година се следни**:

www.ihr.org.mk

Summary by Month

Month	Daily Avg				Monthly Totals					
	Hits	Files	Pages	Visits	Sites	KBytes	Visits	Pages	Files	Hits
Jan 2018	4804	4461	161	97	2446	5270024	2938	4845	133850	144123
Dec 2017	4255	3913	163	106	3491	6390476	3299	5053	121324	131913
Nov 2017	5801	5369	198	83	4549	10540107	2505	5960	161085	174055
Oct 2017	1644	1301	140	107	2612	3398910	3329	4360	40360	50967
Sep 2017	2417	2078	141	84	2416	2769376	2534	4237	62348	72538
Aug 2017	1952	1646	264	75	2647	2703135	2334	8204	51053	60524
Jul 2017	2077	1668	129	88	4118	2891053	2736	4019	51726	64414
Jun 2017	3935	3554	214	112	2668	5180758	3360	6434	106626	118068
May 2017	1086	749	139	106	2643	2245474	3298	4316	23248	33666
Apr 2017	1367	761	155	122	3645	1963638	3669	4665	22855	41023
Mar 2017	1976	1489	197	132	6694	3438781	4116	6117	46185	61266
Feb 2017	1290	878	210	132	2465	2166358	3701	5904	24594	36140
Totals						**48958090**	**37819**	**64114**	**845254**	**988697**

www.ihr.org.mk (SSL)

Summary by Month

Month	Daily Avg				Monthly Totals					
	Hits	Files	Pages	Visits	Sites	KBytes	Visits	Pages	Files	Hits
Jan 2018	879	809	25	21	1388	1331272	649	770	24288	26380
Dec 2017	1175	1102	47	27	1983	2145471	862	1466	34184	36438
Nov 2017	1309	1241	29	23	1499	2926975	699	870	37235	39287
Oct 2017	648	605	33	27	1433	1187613	857	1025	18768	20095
Sep 2017	1186	1097	41	21	2371	1668798	653	1243	32921	35599
Aug 2017	920	869	81	16	1121	1699088	505	2521	26966	28548
Jul 2017	614	537	32	13	2475	1086961	407	1016	16667	19063
Jun 2017	1273	1170	26	18	970	1866503	557	803	35125	38201
May 2017	491	392	22	18	964	1052194	582	702	12171	15227
Apr 2017	479	312	19	17	795	713586	517	597	9372	14376
Mar 2017	460	363	25	22	835	892178	699	802	11256	14288
Feb 2017	414	358	24	18	616	825790	519	697	10033	11615
Totals						17396429	7506	12512	268986	299117

Релевантен е збирот од двете табели погоре, па така:

- вкупен број на нови посетители (по прв пат): 45.325

- вкупен број на посети: 76.626

- вкупен број на страни отворени во рамките на веб страната на ИЧП: 1.114.240

- вкупен број на линкови кликнати во рамките на веб страната на ИЧП: 1.287.814

Исто така, вкупниот број на лајкови на фејсбук фан страните кои ги раковиди ИЧП на датум 31.01.2018 е следен:

- фејсбук фан страната на ИЧП: 6.026

- фејсбук фан страна на „Судски совет под лупа“: 2.220

- фејсбук фан страна на „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права: 842

- фејсбук фан страна на „Заедничка акција за итни реформи во судството“: 209

ИЗВЕШТАИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ИЧП

Согласно позитивните законски прописи во РМ по изготвувањето на завршната сметка и по спроведувањето на надворешна ревизија во текот на март 2018, ќе бидат изготвени извештаите релевантни за финансиското и целокупното работење на ИЧП и тоа:

- Деловен извештај на ИЧП за 2017

- Финансиски извештај на ИЧП за 2017

- Извештај на независен ревизор за финансиско работење на ИЧП за 2017

Овие извештаи транспарентно ќе бидат објавени на веб страната на ИЧП како што е случај со извештаите од претходните години (http://ihr.org.mk/p.php?pid=119).

Претседател на ИЧП,

Маргарита Цаца Николовска

